Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1472/2022

Дата 18-08-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Пробиштип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1, КО Петршино, Општина Пробиштип.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 3.49 ha. Предвидената моќност на површински солари и фотоволтаични елекртани ќе биде од 1MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y27422** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1, КО Петршино, Општина Пробиштип би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Пробиштип, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 43724 од 06.06.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 3.49 ha, а предвидената моќност на површински солари и фотоволтаични елекртани ќе биде од 1MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1472/2022 од 05.08.2022 година.

Услови за планирање на просторот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за поставување на површински солари и фотоволтаични електрани на КП 660, КП 661,КП 662, КП 139, КП 130, КП 129/2 И КП 140, дел од КП 144, КП 72/1, КО Петршино, Општина Пробиштип** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk